ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈА
ДАВКА ДООЕЛ
Бр. 03-01126
13.01.2026 год.
ШТИП

# ДОГОВОР
# ЗА ЈАВНА НАБАВКА

## НАБАВКА,ИСПОРАКА И МОНТАЖА НА ОПРЕМА ЗА ДЕТСКА ГРАДИНКА ЈОУДГ „25 МАЈ" ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,

## ДЕЛ 1 - МЕБЕЛ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE E DEMOGRAFISË DHE E TË RINJVE - SHKUP
Бр. / Nr. 02-359/1
13-01-2026 20 год. / viti

Склучен на ден ________. 2025 година, помеѓу:

ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **Министерство за социјална политика, демографија и млади**, со седиште на ул.„Даме Груев„ бр.14 Скопје, претставувано од Министер Фатмир Лимани, во понатамошниот текст: **Договорен орган,** и
2. **Друштво за производство и трговија ДАВКА ДООЕЛ Штип** со ЕМБС 4421221, со седиште на ул. ШИРОК ДОЛ 40, Штип, претставувано од **Управител Павле Давков** во понатамошниот текст: **Носител на набавката**.

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обврски помеѓу Договорниот орган и Носителот на набавката, согласно спроведената постапка за јавна набавка - набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка ЈОУДГ „25 Мај" во Општина Гази Баба – Дел 1 МЕБЕЛ, како поедноставена отворена постапка со користење на електронски средства (ЕСЈН), со користење на електронска аукција (е-Аукција) во согласност со член 41 став (1) член 49 и член 59 од Закон за јавните набавки(„Службен весник на Република Македонија" бр.24/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.87/21 и 14/25) позитивните законски прописи поврзани со предметот на набавката и тоа Законот за јавните набавки, Законот за облигациони односи и важечките подзаконски акти, како и важечките прописи од областа на даноците и другите јавни давачки, работните односи, работните услови, заштитата при работа,

заштита на личните податоци и другите материјални прописи кои се во сила во моментот на склучување на овој Договор.

Договорните страни го склучуваат овој договор врз основа на Одлука за јавна набавка како отворена постапка за набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка ЈОУДГ „25 Мај" во Општина Гази Баба со архивски број 02-6721/1 од 23.09.2025 година преку ЕСЈН по објавен оглас број 17539/2025 и Одлука за избор за најповолен понудувач со архивски број 02-6721/7 од 11.12.2025 година, како и врз основа на доставена понуда Носителот на набавката со која во целост се прифатени условите, барањата и напомените предвидени во тендерската документација.

Предмет на овој договор е набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка ЈОУДГ „25 Мај" во Општина Гази Баба – Дел 1 МЕБЕЛ

**ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ**

**Член 2**

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е македонскиот јазик.
Целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на македонски јазик.

**ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 3**

Вкупната вредност на договорот за набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка ЈОУДГ „25 Мај" во Општина Гази Баба – Дел 1 МЕБЕЛ без ДДВ, изнесува: 933.169,46 (деветстотини триесет и три илјади сто шеесет и девет денари и четириесет и шест дени) денари.

Вкупниот износ на ДДВ изнесува 161.690,84 денари.

Вкупната вредност на Договорот со ДДВ изнесува 1.094.860,30 денари

Називот, минималните технички карактеристики, понудените технички карактеристики, трговска марка -производител, количина, единечна цена, вкупна цена (без ДДВ), износ на ДДВ и вкупна цена со ДДВ, се дадени во табела во Прилог 1 кој е составен дел на овој Договор.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 4**

Договорот се склучува на определено време за период од 26 месеци сметано од денот на потпишување на Договорот од двете договорни страни.

**ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА**

**Член 5**

Носителот на набавката е должен да ја испорача опремата предмет на овој договор на начин согласно техничката спецификација која е прилог на оваа тендерска документација.

Носителот на набавката е должен да постапува согласно барањето доставено од одговорното лице за следење на реализација на договорот кај договорниот орган. Испорачаната опрема треба да биде покриена со гарантен период од најмалку 24/12 месеци од производителот/носителот на набавката, за што носителот на набавката доставува и гарантен лист.

Во овој период доколку се појави потреба овластени лица од детската градинка ќе бидат задолжени да постапуваат по гаранцијата за квалитет на опремата. Носителот на набваката е дожжен во рок од 2(два) дена да се јави на повик од овластено лице во детската градинка кој може да биде испратен по емаил или по пошта и да ги отстрани сите недостатоци во исправното функционирање на опремата.

Доколку е можно недостатоците се отстрануваат на лице место каде опремата е вградена или поставена, а доколку тоа не е можно по проценка на Носителот на набавка недостатоците се отстрануваат во соодветен сервис.

Патните трошоци за пренос на опремата кога има потреба од сервис и патните трошоци за лицата се на товар на Носителот на набавката.

Доколку опремата не се врати во исправна состојба во рок од 15 дена од денот кога истата е презeмена од детската градинка Носителот на набавка е должен да испрати замена за нефункционалната опрема најдоцна 3 дена од истекот на рокот за нејзина исправка односно најдоцна во рок од 18 дена од превземањето.

Во случај да се испорача нова опрема поради нефункционалност на старата гарантниот рок започнува да тече од денот на испораката и ќе трае 24/12 месеци.

Генерално, за сите позиции во табелата определена во член 3 која е составен прилог на овој Договор, важи дека набавка, транспорт, монтажа и вградување на соодветните материјали, сето тоа се смета дека е на товар на носителот на набавката и пресметано во вкупната цена на позицијата.

Во постапката на изведбата носителот на набавката е должен да употребува технички упатства, препораки и детали на производителите кои се наведени или ако не се наведени да се употребуваат со исти или подобри карактеристики.

Во сите случаи каде за изведба има потреба од скеле важи позицијата набавка транспорт, монтажа и демонтажа со транспорт и сето тоа треба да се пресмета во вкупната цена на позицијата.

Во сите случаи каде за изведба има потреба од други помошни конструкции и елементи важи позицијата набавка транспорт, монтажа и демонтажа со транспорт и сето тоа треба да се пресмета во вкупната цена на позицијата.

За сите наведени спецификации на материјалите важи „или еквивалентно на“ но притоа понудувачот/изведувачот треба со примери да докаже дека материјалот кој го нуди како „еквивалентен на“ за замена има исти или подобри карактеристики од наведениот во спецификацијата.

Стоките кои се предмет на набавката, потребно е да се изработени во согласност со Законот за безбедност на производите („Сл.весник на РМ“ бр.33/06, 63/07, 24/11, 51/11, 148/11, 164/13, 152/15 и 53/16), во согласност со Правилникот за својства на детските играчки што се пуштат во промет („Сл.весник на РМ“ бр.90/04), во согласност со Правилникот за безбедност на детски играчки („Сл. весник на РМ“ бр.149/10 и 17/12), изработени од материјали безбедни за употреба од деца на возраст до 6 години согласно Правилникот за безбедност на детски играчки и секој производ да има “ЦЕ” ознака за квалитет или еквивалентно и да бидат прилагодени на возраст на деца до 6 години.

Целиот игровен и дидактички материјал наменет за деца од предучилишна возраст треба да биде обоен со боја еколошки дозволена за употреба во игра за деца, како и материјал (високо - квалитетна лиена пластика, лесно водоотпорно дрво, метал кој не смее да содржи повеќе од 1% олово, текстил кој не содржи повеќе од 1% антимон, сметајќи на површина од 100 см2, не смее да содржи ткаенини, конец и плетиво што се изработени со оловни и живни соли, како и

ткаенини полнети со струганица или волна) кој во целост ги задоволува барањата дадени во Правилникот за својства на детските играчки што се пуштаат во промет.
За готовата опрема потребно е да се доставaт каталози на кои е јасно означен моделот за кој е дадена понудата, и истите треба да содржат технички спецификации од производителот. Пред започнување со изработка на елементите од мебелот треба да се земат мерки на лице место.

Гаранцијата за сите производи да е минимум 1 година, или како е препорачано од производителот на електричната опрема.
Сите материјали, бои, дезени и модели да се потврдат од страна на Инвеститорот.
Задолжително носителот на набавката ќе достави Изјава со која ја гарантира безбедноста на доставената опрема. Во неа носителот на набавката тврди дека опремата е правилно инсталирана и безбедна за употреба..

Рокот за набавка, испорака и монтажа на опремата е 45 дена сметано од денот на прием на нарачка доставена од страна на одговорното лице за следење на реализација на договорот кај Договорниот орган..

## ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Член 6**

Договорниот орган се обврзува по прием на стоките испорачани на начин како што е определено во член 5 од овој Договор, да изврши плаќање на начин и под услови како што е определено со овој Договор.

Лице задолжено за реализација на договорот кај Договорниот орган е Езерка Папастеревска или друго лице овластено од Министер.

## НАЧИН И УСЛОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 7**

Договорниот орган плаќањето ќе го врши вирмански по секоја целосна испорака на стокатасогласно нарачките, во рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата во архивата на договорниот орган - Министерство за социјална политика, демографија и млади придружена со примерок од испратница.

Рокот на плаќање започнува од денот на доставување на уредна фактура со потпишана испратница од двете договорни страни.

Носителот на набавката фактурата, поткрепена со примерок од испратницата и записник за квантитативен и квалитативен прием потпишан од овластените лица на двете договорни страни, ја доставува до Договорниот орган на следната адреса Министерство за социјална политика, демографија и млади, ул. Даме Груев бр.14, 1000 Скопје,

Договорниот орган го задржува правото да ја врати фактурата доколку не е комплетна и да поднесе рекламација на пресметката на фактурата во рок од 10 дена, сметано од денот на приемот на фактурата.

Фактурата ги содржи особено следниве елементи:
- повикување на број на договорот
- датум на изготвување на фактурата
- количини со опис на стоката дефинирана по позиции онака како што се опишани во техничката спецификација
- единечни договорени цени за секоја од позициите без вкалкулиран ДДВ
- вкупни цени по позиции без вкалкулиран ДДВ
- вкупна цена на фактурата
- пресметка на данокот за додадена вредност
- вкупна цена за исплата по фактурата (доколку имало евентуално намалување)
- валута на плаќање
-рок на плаќање и
-сметка и банка на давателот на фактурата.

## ГАРАНЦИЈА ЗА НАВРЕМЕНО И КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 8**

Носителот на набавка е должен да обезбеди гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот во вид на банкарска гаранција во вредност од 10% од вредноста на договорот за јавна набавка со вклучен ДДВ.

Носителот на набавка е должен да достави неотповиклива, безусловна и наплатива на прв повик банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот Носителот на набавката ја доставува најдоцна во рок до 7 (седум) дена од потпишувањето на договорот.

Потпишаниот договор без доставена банкарска гаранција ќе се смета за неважечки и нема да предизвика правно дејство.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката.

Оваа гаранција се враќа на носителот на набавката, во рок од 14 дена од денот на целосно реализирање на договорот.

Во случај кога е продолжен рокот за реализација на договорот или е зголемена неговата вредност, носителот на набавката соодветно треба да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот.

## ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ, ОДНОСНО НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 9**

Договорните страни се договорија дека Носителот на набавката ќе му плати на Договорниот орган определен паричен износ (договорна казна) ако не ја исполни својата обврска согласно овој договор, а особено ако договорот е раскинат поради вина на Носителот на набавката.

Договорната казна изнесува 0,1% (1 промил) од вкупната договорена цена, со тоа што износот на така определената договорна казна не може да премине 5% од вкупната цена на стоката, предмет на набавка.

## ВИША СИЛА

**Член 10**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради “Виша сила”, “Виша сила “ значи исклучителен настан или околност:

а. кој е надвор од контрола на страните;

б. против кој ниедна од страните не можела разумно да преземе мерки пред стапување на Договорот;

в. кој, откако настанал, страната не можела разумно да го одбегне или да го совлада и

г. кој не може во голема мера да се припише на друга страна;

Вишата сила може да вклучува, но не е ограничена на исклучителните настани или околности опишани во точките од I до V, се додека се исполнети горенаведените услови од (а) до (г):

I. војна, непријателства, инвазија, акт на непријателства;

II. бунт, тероризам,револуција востание,воена сила или граѓанска војна;

III. немир, раздвиженост, неред, штрајк или блокада од лица кои не се персонал на изведувачот или подизведувачите;

IV. воена муниција, експлозивни материјали, радијација или радиоактивност од страна на изведувачот;

V. природни настани (пожар, поплава, земјотрес пандемија, лоши временски услови, невообичаено за годишното време и за местото на кое се изведуваат работите, утврдени во градежен дневник и сл.);

Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила, Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине спогодбено.

Доколку изведбата на сите работи во голема мера е спречена во непрекинат период од 30 (триесет) дена поради “Виша сила “ за која е дадено известување, тогаш која било од страните може да даде известување за раскинување на Договорот.

**ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН**

**Член 11**

За се што не е регулирано со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во Република Северна Македонија.

## УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 12**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнувањето на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

**Член 13**

Договорот не може да се раскине поради неисполнување на незначителен дел од обврската.

**Член 14**

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуалната штета.

Ако една страна го извршила договорот целосно или делумно има право да и се врати она што го дала.

Ако двете страни имаат право да бараат враќање на даденото, заемните враќања се вршат според правилата за извршувањето на двостраните договори.

Секоја страна и должи на другата надомест за користа што во меѓувреме ја имала од она што е должна да го врати, односно да го надомести.

Страната што враќа пари е должна да плати затезна камата од денот кога ја примила исплатата.

## РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 15**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со

меѓусебно договарање, во спротивно надлежен за решавање на сите евентуални спорови е Граѓански Суд Скопје.

## ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 16

Договорот за јавна набавка во текот на неговата важност може да се дополни и/или измени само врз основа на член 119 од Законот за јавни набавки.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

### Член 17

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

### Член 18

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои секоја страна задржува по 2 (два) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

| Договорен орган: | Носител на набавката |
|---|---|
| Министер | Управител |
| Fatmir Limani | Павле Давков |

Изработил: Теодора Васиќ Петровска, Советник
Согласен: Љубица Панова, Раководител на сектор
Одобрил: Fatmir Sabriu, Државен секретар

ТАБЕЛА - ДЕЛ 1 МЕБЕЛ

| **Назив** | **Минимални технички карактеристики** | **Понудени технички карактеристики** | **МАРКА/ МОДЕЛ/ ПРОИЗВОДИТЕЛ** | **Мерна единица** | **Количина** | **Единечна цена** | **Вкупна цена (без ДДВ )** | **ДДВ** | **Цена со ДДВ** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Гардеробер за деца со облик на куќичка изработен од оплеменета иверка дмин 25мм, кантиран со абс трака со мин.д=2мм, со една полица долу и една полица горе и закачалки за палтаа.ТИП А. дим.120/35/185см. | Гардеробер за деца со облик на куќичка изработен од оплеменета иверка дмин 25мм, кантиран со абс трака со мин.д=2мм, со една полица долу и една полица горе и закачалки за палтаа.ТИП А. дим.120/35/185см. | Гардеробер за деца со облик на куќичка изработен од оплеменета иверка дмин 25мм. кантиран со абс трака со мин.д=2мм, со една полица долу и една полица горе и закачалки за палтаа.ТИП А. дим.120/35/185см. | За Давка, Македонија | Парче | 4,00 | 9.254,24 | 37.016,96 | 6.663,05 | 43.680,01 |
| Гардеробер за деца со облик на куќичка изработен од оплеменета иверка дмин 25мм, кантиран со абс трака со мин.д=2мм, со една полица долу и една полица горе и закачалки за палтаб.ТИП Б. дим. 90/35/200см. | Гардеробер за деца со облик на куќичка изработен од оплеменета иверка дмин 25мм, кантиран со абс трака со мин.д=2мм, со една полица долу и една полица горе и закачалки за | Гардеробер за деца со облик на куќичка изработен од оплеменета иверка дмин 25мм, кантиран со абс трака со мин.д=2мм, со една полица долу и една полица горе и закачалки за палтаб.ТИП Б. дим. 90/35/200см. | За Давка, Македонија | Парче | 6,00 | 9.491,53 | 56.949,18 | 10.250,85 | 67.200,03 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | палтаб.ТИП Б. дим. 90/35/200см. | | | | | | | | |
| Гардеробна клупа без наслон 200/30см Н=36см, со плотна од дрво или оплеменета иверка д=25 мм, со заоблени ивици, кантирана со абс трака дмин=2мм, во долниот дел кутијасти прегради. | Гардеробна клупа без наслон 200/30см Н=36см, со плотна од дрво или оплеменета иверка д=25 мм, со заоблени ивици, кантирана со абс трака дмин=2мм, во долниот дел кутијасти прегради. | Гардеробна клупа без наслон 200/30см Н=36см, со плотна од дрво или оплеменета иверка д=25 мм, со заоблени ивици, кантирана со абс трака дмин=2мм, во долниот дел кутијасти прегради. | За Давка, Македонија | Парче | 2,00 | 5.338,98 | 10.677,96 | 1.922,03 | 12.599,99 |
| Гардеробер за деца (јасли) со дим.120/40/80м. изработен од оплеменета иверка дмин.16мм, кантирани со абс трака со мин.д=2мм., за секое дете посебно полица со вратички 40/40см (за 6 деца). | Гардеробер за деца (јасли) со дим.120/40/80м. изработен од оплеменета иверка дмин.16мм, кантирани со абс трака со мин.д=2мм., за секое дете посебно полица со вратички 40/40см (за 6 деца). | Гардеробер за деца (јасли) со дим.120/40/80м. изработен од оплеменета иверка дмин.16мм, кантирани со абс трака со мин.д=2мм., за секое дете посебно полица со вратички 40/40см (за 6 деца). | За Давка, Македонија | Парче | 2,00 | 9.372,88 | 18.745,76 | 3.374,24 | 22.120,00 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Табла од плута во облик на дрво, облога од природна плута, д= 4 мм, на подлога од сировинска иверка, оплеменета иверка или шпер плоча, д мин 16 мм, со макс димензии 90/160см. | Табла од плута во облик на дрво, облога од природна плута, д= 4 мм, на подлога од сировинска иверка, оплеменета иверка или шпер плоча, д мин 16 мм, со макс димензии 90/160см. | Табла од плута во облик на дрво, облога од природна плута, д= 4 мм, на подлога од сировинска иверка, оплеменета иверка или шпер плоча, д мин 16 мм, со макс димензии 90/160см. | За Давка, Македон ија | Парче | 3,00 | 4.661,02 | 13.983,06 | 2.516,95 | 16.500,01 |
| Елемент за тријажа-бокс за пресоблекување 120/60/85. со корпус, полици и вратички од оплеменета иверка д мин 25мм, и вратнички 16мм, кантирано со абс2 мм. Со сиот потребен оков. На горната плотна да се постави душек со дебелина од 5см со облога од еко кожа, фиксиран за елементот со чичак трака. Да се предвиди сиот потребен оков. | Елемент за тријажа-бокс за пресоблекување 120/60/85. со корпус, полици и вратички од оплеменета иверка д мин 25мм, и вратнички 16мм, кантирано со абс2 мм. Со сиот потребен оков. На горната плотна да се постави душек со дебелина од 5см со облога од еко кожа, фиксиран за елементот со чичак трака. Да | Елемент за тријажа-бокс за пресоблекување 120/60/85. со корпус, полици и вратички од оплеменета иверка д мин 25мм, и вратнички 16мм, кантирано со абс2 мм. Со сиот потребен оков. На горната плотна да се постави душек со дебелина од 5см со облога од еко кожа, фиксиран за елементот со чичак трака. Да се предвиди сиот потребен оков. | За Давка, Македон ија | Парче | 1,00 | 9.254,24 | 9.254,24 | 1.665,76 | 10.920,00 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | се предвиди сиот потребен оков | | | | | | | | |
| Елемент со вградна кадичка 140/60/85, со корпус и вратички од оплеменета иверка д мин 25мм и 16мм, кантирани со 2мм абс кант со истиот декор. Плотната е со влагоотпорно јадро, оплеменета со хпл фолија д. мин=3см, со всаден иноксен мијалник со димензии мин. 55/45см со длабочина од 22см. со едноручна батерија и туш на извлекување на едниот дел и душег 60/40см со дебелина од 5см со облога од еко кожа, фиксиран за плотната со чичак трака на другиот дел. Пред изработка да се земат мерки за позиција на лице место и да се предвиди комплетна | Елемент со вградна кадичка 140/60/85, со корпус и вратички од оплеменета иверка д мин 25мм и 16мм, кантирани со 2мм абс кант со истиот декор. Плотната е со влагоотпорно јадро, оплеменета со хпл фолија д. мин=3см, со всаден иноксен мијалник со димензии мин. 55/45см со длабочина од 22см. со едноручна батерија и туш на извлекување на едниот дел и душег 60/40см со дебелина од 5см со облога од еко кожа, фиксиран за плотната со чичак трака на другиот дел. Пред изработка | Елемент со вградна кадичка 140/60/85, со корпус и вратички од оплеменета иверка д мин 25мм и 16мм, кантирани со 2мм абс кант со истиот декор. Плотната е со влагоотпорно јадро, оплеменета со хпл фолија д. мин=3см, со всаден иноксен мијалник со димензии 55/45см со длабочина од 22см. со едноручна батерија и туш на извлекување на едниот дел и душег 60/40см со дебелина од 5см со облога од еко кожа, фиксиран за плотната со чичак трака на другиот дел. Пред изработка да се земат мерки за позиција на лице место и да се | За Давка, Македонија | Парче | 1,00 | 11.627,12 | 11.627,12 | 2.092,88 | 13.720,00 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| монтажа со сиот потребен оков. | да се земат мерки за позиција на лице место и да се предвиди комплетна монтажа со сиот потребен оков. | предвиди комплетна монтажа со сиот потребен оков | | | | | | | |
| Фиксни креветчиња за деца до 12 месеци - дрвени, со максимално растојание помеѓу вертикално поставените пречки 8.5см. Комплет со соодветен душег (д=5см.) и навлака на вадење од памучен материјал. Да има можност за подесување на нивото за поставување на душекот. | Фиксни креветчиња за деца до 12 месеци - дрвени, со максимално растојание помеѓу вертикално поставените пречки 8.5см. Комплет со соодветен душег (д=5см.) и навлака на вадење од памучен материјал. Да има можност за подесување на нивото за поставување на душекот. | Фиксни креветчиња за деца до 12 месеци - дрвени, со максимално растојание помеѓу вертикално поставените пречки 8.5см. Комплет со соодветен душег (д=5см.) и навлака на вадење од памучен материјал. Да има можност за подесување на нивото за поставување на душекот. | Словениј а | Парче | 6,00 | 8.050,85 | 48.305,10 | 2.415,26 | 50.720,36 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Мобилни детски креветчиња, анатомски, дрвени со дим. 55/120см за деца до 2 години со душеци (д=5см.), преслечени со памучен материјал | Мобилни детски креветчиња, анатомски, дрвени со дим. 55/120см за деца до 2 години со душеци (д=5см.), преслечени со памучен материјал | Мобилни детски креветчиња, анатомски, дрвени со дим. 55/120см за деца до 2 години со душеци (д=5см.), преслечени со памучен материјал | За Давка, Македонија | Парче | 6,00 | 3.516,95 | 21.101,70 | 3.798,31 | 24.900,01 |
| Плакар за сладирање на 6 монтажни креветчиња за деца до 2год, со полици за постелнини, дрвени летвички во долниот дел за држење на рекс креветите, со дим.85/60/220см. изработени од оплеменета иверка од мин16мм.кантирана со абс трака со д=2мм. | Плакар за сладирање на 6 монтажни креветчиња за деца до 2год. со полици за постелнини, дрвени летвички во долниот дел за држење на рекс креветите, со дим.85/60/220см. изработени од оплеменета иверка од мин16мм.кантирана со абс трака со д=2мм. | Плакар за сладирање на 6 монтажни креветчиња за деца до 2год, со полици за постелнини, дрвени летвички во долниот дел за држење на рекс креветите, со дим.85/60/220см. изработени од оплеменета иверка од мин16мм.кантирана со абс трака со д=2мм. | За Давка, Македонија | Парче | 1,00 | 12.101,69 | 12.101,69 | 2.178,30 | 14.279,99 |
| Дрвена ограда за играње со мин. дим 110/110/65 см. изработена од профили од дрвена конструкција, со вертикални | Дрвена ограда за играње со мин. дим 110/110/65 см. изработена од профили од дрвена конструкција, со | Дрвена ограда за играње со мин. дим 110/110/65 см. изработена од профили од дрвена конструкција, со вертикални | За Давка, Македонија | Парче | 1,00 | 11.016,95 | 11.016,95 | 1.983,05 | 13.000,00 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| поставени пречки на растојание не повеќе од 8.5см, лакирана , лесна за пренесување и складирање. Со подлога од душек д=5см, преслечен во материјал лесен за одржување. | вертикални поставени пречки на растојание не повеќе од 8.5см, лакирана , лесна за пренесување и складирање. Со подлога од душек д=5см, преслечен во материјал лесен за одржување. | поставени пречки на растојание не повеќе од 8.5см, лакирана, лесна за пренесување и складирање. Со подлога од душек д=5см, преслечен во материјал лесен за одржување. | | | | | | | |
| Столче-хранилка за деца од 9-24 месеци, изработено од квалитетна лиена пластика во комбинација со метал или дрво. Анатомско седло со подесување на две висини и послужавник. Да има безбедносен појас и ногарки со гума за спречување од лизгање. | Столче-хранилка за деца од 9-24 месеци, изработено од квалитетна лиена пластика во комбинација со метал или дрво. Анатомско седло со подесување на две висини и послужавник. Да има безбедносен појас и ногарки со гума за спречување од лизгање. | Столче-хранилка за деца од 9-24 месеци, изработено од квалитетна лиена пластика во комбинација со метал или дрво. Анатомско седло со подесување на две висини и послужавник. Да има безбедносен појас и ногарки со гума за спречување од лизгање. | Турција | Парче | 2,00 | 3.135,59 | 6.271,18 | 1.128,81 | 7.399,99 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ограда за проодување од дрво масив со ф30мм, и мин. должина 2.5м, фиксирано на ѕид со инокс држачи на висина 40-50см од под | Ограда за проодување од дрво масив со ф30мм, и мин. должина 2.5м, фиксирано на ѕид со иноксни држачи на висина 40-50см од под | Ограда за проодување од дрво масив со ф30мм, и мин. должина 2.5м, фиксирано на ѕид со иноксни држачи на висина 40-50см од под | За Давка, Македонија | Парче | 1,00 | 3.813,56 | 3.813,56 | 686,44 | 4.500,00 |
| Плакар за дидактика со мин. дим. 70/40/220см. со три отворени полици во горниот дел, а во долниот дел три полици затворени со вратички (х=110см). Корпус, вратички и позадина изработени од оплеменета иверка мин. д=16мм. кантирана со абс трака со мин. д=2мм. | Плакар за дидактика со мин. дим. 70/40/220см. со три отворени полици во горниот дел, а во долниот дел три полици затворени со вратички (х=110см). Корпус, вратички и позадина изработени од оплеменета иверка мин. д=16мм. кантирана со абс трака со мин. д=2мм. | Плакар за дидактика со мин. дим. 70/40/220см. со три отворени полици во горниот дел, а во долниот дел три полици затворени со вратички (х=110см). Корпус, вратички и позадина изработени од оплеменета иверка мин. д=16мм. кантирана со абс трака со мин. д=2мм | За Давка, Македонија | Парче | 1,00 | 8.542,37 | 8.542,37 | 1.537,63 | 10.080,00 |
| Масичка за деца - со кружна форма, со димензии ф120см, висина 56 см (за деца на возраст од 4-6 години), конструкција дрвена, | Масичка за деца - со кружна форма, со димензии ф120см, висина 56 см (за деца на возраст од 4-6 години), | Масичка за деца - со кружна форма, со димензии ф120см, висина 56 см (за деца на возраст од 4-6 години), | За Давка, Македонија | Парче | 5,00 | 6.000,00 | 30.000,0 | 5.400,00 | 35.400,00 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| со горна плоча изработена од оплеменета иверка д=25 мм, кантирана со абс трака со д=2мм за 5 деца, боја по избор на инвеститорот. | конструкција дрвена, со горна плоча изработена од оплеменета иверка д=25 мм, кантирана со абс трака со д=2мм за 5 деца, боја по избор на инвеститорот. | конструкција дрвена, со горна плоча изработена од оплеменета иверка д=25 мм, кантирана со абс трака со д=2мм за 5 деца, боја по избор на инвеститорот. | | | | | | | |
| Дрвено детско анатомско столче со минимални димензии 36/24/34 см (за деца на возраст над 4-6), седиште и наслон од анатомски пресована шперплоча со заоблени страни со мин. дебелина мин 6мм. | Дрвено детско анатомско столче со минимални димензии 36/24/34 см (за деца на возраст над 4-6), седиште и наслон од анатомски пресована шперплоча со заоблени страни со мин. дебелина мин 6мм. | Дрвено детско анатомско столче со минимални димензии 36/24/34 см (за деца на возраст над 4-6), седиште и наслон од анатомски пресована шперплоча со заоблени страни со мин. дебелина мин 6мм. | За Давка, Македонија | Парче | 22,00 | 1.355,93 | 29.830,46 | 5.369,48 | 35.199,94 |
| Масичка за деца - со кружна форма, со димензии ф120см, висина 50 см (за деца на возраст од 2-4 години), конструкција дрвена, со горна плоча изработена од оплеменета иверка д=25 мм, кантирана | Масичка за деца - со кружна форма, со димензии ф120см, висина 50 см (за деца на возраст од 2-4 години), конструкција дрвена, со горна плоча изработена од оплеменета | Масичка за деца - со кружна форма, со димензии ф120см, висина 50 см (за деца на возраст од 2-4 години), конструкција дрвена, со горна плоча изработена од оплеменета | За Давка, Македонија | Парче | 4,00 | 6.000,00 | 24.000,00 | 4.320,00 | 28.320,00 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| со абс трака со д=2мм за 5 деца, боја по избор на инвститорот. | иверка д=25 мм, кантирана со абс трака со д=2мм за 5 деца, боја по избор на инвститорот. | иверка д=25 мм, кантирана со абс трака со д=2мм за 5 деца, боја по избор на инвститорот. | | | | | | | |
| Дрвено детско анатомско столче со минимални димензии 31/22/29 см (за деца на возраст од 2-4 години), седиште и наслон од анатомски пресована шперплоча со заоблени страни со мин. дебелина мин 6мм, во разни бои по избор на инвеститорот. | Дрвено детско анатомско столче со минимални димензии 31/22/29 см (за деца на возраст од 2-4 години), седиште и наслон од анатомски пресована шперплоча со заоблени страни со мин. дебелина мин 6мм, во разни бои по избор на инвеститорот. | Дрвено детско анатомско столче со минимални димензии 31/22/29 см (за деца на возраст од 2-4 години), седиште и наслон од анатомски пресована шперплоча со заоблени страни со мин. дебелина мин 6мм, во разни бои по избор на инвеститорот | За Давка, Македонија | Парче | 20,00 | 1.355,93 | 27.118,60 | 4.881,35 | 31.999,95 |
| Дрвено мобилно детско креветче (за деца од 2-6 години) – анатомско, со заоблени рабови со дим. +/-140/52/27 см. и ногарки на склопување. Со соодветни душеци (д=5см), преслечени | Дрвено мобилно детско креветче (за деца од 2-6 години) – анатомско, со заоблени рабови со дим. +/-140/52/27 см. и ногарки на склопување. Со соодветни | Дрвено мобилно детско креветче (за деца од 2-6 години) – анатомско, со заоблени рабови со дим. +/-140/52/27 см. и ногарки на склопување. Со соодветни душеци (д=5см), преслечени со | За Давка, Македонија | Парче | 42,00 | 3.516,95 | 147.711,90 | 26.588,14 | 174.300,04 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| со 100% памучен материјал. | душеци (д=5см), преслечени со 100% памучен материјал. | 100% памучен материјал. | | | | | | | |
| Плакар за складирање 5 рекс (мобилни ) кревети, во горниот дел 2 полици за постелнини, дрвени летвички во долниот дел за држење на рекс креветите, со мин. дим. 70/60/220см. изработени од оплеменета иверка мин. д=16мм. кантирана со абс трака со мин. д=2мм. | Плакар за складирање 5 рекс (мобилни ) кревети, во горниот дел 2 полици за постелнини, дрвени летвички во долниот дел за држење на рекс креветите, со мин. дим. 70/60/220см. изработени од оплеменета иверка мин. д=16мм. кантирана со абс трака со мин. д=2мм. | Плакар за складирање 5 рекс (мобилни ) кревети, во горниот дел 2 полици за постелнини, дрвени летвички во долниот дел за држење на рекс креветите, со мин. дим. 70/60/220см. изработени од оплеменета иверка мин. д=16мм. кантирана со абс трака со мин. д=2мм. | За Давка, Македон ија | Парче | 9,00 | 11.271,19 | 101.440,71 | 18.259,33 | 119.700,04 |
| Ѕидна плутена табла во форма на дрво, облога од природна плута, д= 4 мм, на подлога од сировинска иверка, оплеменета иверка или шпер плоча, д | Ѕидна плутена табла во форма на дрво, облога од природна плута, д= 4 мм, на подлога од сировинска иверка, | Ѕидна плутена табла во форма на дрво, облога од природна плута, д= 4 мм, на подлога од сировинска иверка, оплеменета иверка или шпер плоча, д | За Давка, Македон ија | Парче | 3,00 | 4.033,90 | 12.101,0 | 2.178,31 | 14.280,01 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| мин 16 мм, со држачи за прицврстување на на ѕид, со мин. дим.150х100см. | оплеменета иверка или шпер плоча, д мин 16 мм, со држачи за прицврстување на на ѕид, со мин. дим.150х100см. | мин 16 мм, со држачи за прицврстување на на ѕид, со мин. дим.150х100см. | | | | | | | |
| Ѕидна табла за креда со држачи за прицврстување на ѕид вертикално, со мин. дим.180х100см. | Ѕидна табла за креда со држачи за прицврстување на ѕид вертикално, со мин. дим.180х100см. | Ѕидна табла за креда со држачи за прицврстување на ѕид вертикално, со мин. дим.180х100см. | За Давка, Македонија | Парче | 3,00 | 5.508,47 | 16.525,41 | 2.974,5 | 19.499,98 |
| Набавка и монтажа на елемент со отворени полици за играчки со прегради, изработен од оплеменета иверка д мин.16мм, кантиран со абс трака, боја и дезен по избор на инвеститорот, дим.120/40/70см. Подвижен, на тркалца, со можност за фиксирање на позиција. | Набавка и монтажа на елемент со отворени полици за играчки со прегради, изработен од оплеменета иверка д мин.16мм, кантиран со абс трака, боја и дезен по избор на инвеститорот, дим.120/40/70см. Подвижен, на тркалца, со можност за фиксирање на позиција. | Набавка и монтажа на елемент со отворени полици за играчки со прегради, изработен од оплеменета иверка д мин.16мм, кантиран со абс трака, боја и дезен по избор на инвеститорот, дим.120/40/70см. Подвижен, на тркалца, со можност за фиксирање на позиција. | За Давка, Македонија | Парче | 7,00 | 4.033,90 | 28.237,30 | 5.082,71 | 33.320,01 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Кружно ѕидно огледало со дијаметар 60см на конструкција-подлога од оплеменета иверка д.16 мм, со дијаметар 65см, обложено со фолија од задната страна заради заштита од кршење. | Кружно ѕидно огледало со дијаметар 60см на конструкција-подлога од оплеменета иверка д.16 мм, со дијаметар 65см, обложено со фолија од задната страна заради заштита од кршење. | Кружно ѕидно огледало со дијаметар 60см на конструкција-подлога од оплеменета иверка д.16 мм, со дијаметар 65см, обложено со фолија од задната страна заради заштита од кршење. | За Давка, Македонија | Парче | 3,00 | 4.067,80 | 12.203,40 | 2.196,61 | 14.400,01 |
| Кружно ѕидно огледало со дијаметар 45см на конструкција-подлога од оплеменета иверка д16 мм, со дијаметар 50см, обложено со фолија од задната страна заради заштита од кршење. | Кружно ѕидно огледало со дијаметар 45см на конструкција-подлога од оплеменета иверка д16 мм, со дијаметар 50см, обложено со фолија од задната страна заради заштита од кршење. | Кружно ѕидно огледало со дијаметар 45см на конструкција-подлога одоплеменета иверка д16 мм, со дијаметар 50см, обложено со фолија од задната страна заради заштита од кршење. | За Давка, Македонија | Парче | 3,00 | 3.813,56 | 11.440,68 | 2.059,32 | 13.500,00 |
| Платнени корпи со рачки за сместување играчки, висина од мин. 40см и ф40 см. (да има избор од најмалку 5 дезени) | Платнени корпи со рачки за сместување играчки, висина од мин. 40см и ф40 см. (да има избор од најмалку 5 дезени) | Платнени корпи со рачки за сместување играчки, висина од мин. 40см и ф40 см. (да има избор од најмалку 5 дезени) | Турција | Парче | 3,00 | 1.525,42 | 4.576,26 | 823,73 | 5.399,99 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Набавка, транспорт на клацкалка за две деца изработена од лиена пластика со CE ознака за квалитет или еквивалентно. | Набавка, транспорт на клацкалка за две деца изработена од лиена пластика со CE ознака за квалитет или еквивалентно. | Набавка, транспорт на клацкалка за две деца изработена од лиена пластика со CE ознака за квалитет или еквивалентно. | Турција | Парче | 1,00 | 3.220,34 | 3.220,34 | 579,66 | 3.800,00 |
| Набавка на Пиклер триаголник (Pikler triangle) со мин. димензии 80/80/85 см изработен од шперплоча 18mm и пречки од масив дрво, боја натур, лакирано со мат еколошки лак на водена база. | Набавка на Пиклер триаголник (Pikler triangle) со мин. димензии 80/80/85 см изработен од шперплоча 18mm и пречки од масив дрво, боја натур, лакирано со мат еколошки лак на водена база. | Набавка на Пиклер триаголник (Pikler triangle) со мин. димензии 80/80/85 см изработен од шперплоча 18mm и пречки од масив дрво, боја натур, лакирано со мат еколошки лак на водена база. | Германиј а | Парче | 1,00 | 6.271,19 | 6.271,19 | 1.128,81 | 7.400,00 |
| Набавка на Баланс даска (Balance board) со мин. димензии 80/30 cm изработена од масив дрво боја натур, лакирано со мат еколошки лак на водена база. | Набавка на Баланс даска (Balance board) со мин. димензии 80/30 cm изработена од масив дрво боја натур, лакирано со мат еколошки лак на водена база. | Набавка на Баланс даска (Balance board) со мин. димензии 80/30 cm изработена од масив дрво боја натур, лакирано со мат еколошки лак на водена база. | Германиј а | Парче | 1,00 | 4.237,29 | 4.237,29 | 762,71 | 5.000,00 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ЦД плеер со УСБ приклучок и звучник на блутут МАРКА/МОДЕЛ____________(да се наведе) | ЦД плеер со УСБ приклучок и звучник на блутут МАРКА/МОДЕЛ____________(да се наведе) | ЦД плеер со УСБ приклучок и звучник на блутут МАРКА/МОДЕЛ____________(да се наведе) | Sencor SPT 2700 | Парче | 3,00 | 4.237,28 | 12.711,84 | 2.288,13 | 14.999,97 |
| Конгрес столица-метални ногарки и штоф по избор | Конгрес столица-метални ногарки и штоф по избор | Конгрес столица-метални ногарки и штоф по избор | Antarias, Чешка | Парче | 14,00 | 1.652,54 | 23.135,56 | 4.164,40 | 27.299,96 |
| Закачалка, слободностоечка, изработена од метална конструкција, пластифицирана во боја, со држачи за палта и чадори. Мин.180см | Закачалка, слободностоечка, изработена од метална конструкција, пластифицирана во боја, со држачи за палта и чадори. Мин.180см | Закачалка, слободностоечка, изработена од метална конструкција, пластифицирана во боја, со држачи за палта и чадори. Мин.180см | Antarias, Чешка | Парче | 3,00 | 2.118,64 | 6.355,92 | 1.144,07 | 7.499,99 |
| Подвижна комода со три фиоки, изработена од оплеменета иверка, дмин 16мм, кантирано со абс трака со мин. д=2мм, мин димензии 45/55/60см. | Подвижна комода со три фиоки, изработена од оплеменета иверка, дмин 16мм, кантирано со абс трака со мин. д=2мм, мин димензии 45/55/60см. | Подвижна комода со три фиоки, изработена од оплеменета иверка, дмин 16мм, кантирано со абс трака со мин. д=2мм, мин димензии 45/55/60см. | За Давка, Македонија | Парче | 2,00 | 4.627,12 | 9.254,24 | 1.665,76 | 10.920,00 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Канцелариско биро со мин. дим 130/100/72см изработено од оплеменета иверка, д=25мм, кантирано со абс трака со мин. д=2мм. | Канцелариско биро со мин. дим 130/100/72см изработено од оплеменета иверка, д=25мм, кантирано со абс трака со мин. д=2мм. | Канцелариско биро со мин. дим 130/100/72см изработено од оплеменета иверка, д=25мм, кантирано со абс трака со мин. д=2мм. | За Давка, Македонија | Парче | 2,00 | 6.525,42 | 13.050,84 | 2.349,15 | 15.399,99 |
| Канцелариско биро со мин. дим 150/100/72см изработено од оплеменета иверка, д=25мм, кантирано со абс трака со мин. д=2мм. | Канцелариско биро со мин. дим 150/100/72см изработено од оплеменета иверка, д=25мм, кантирано со абс трака со мин. д=2мм. | Канцелариско биро со мин. дим 150/100/72см изработено од оплеменета иверка, д=25мм, кантирано со абс трака со мин. д=2мм. | За Давка, Македонија | Парче | 1,00 | 7.711,86 | 7.711,86 | 1.388,1 | 9.099,99 |
| Набавка на вртлива канцелариска столица тапацирана со еко кожа, со раконаслони со тркалца и лифтомат. | Набавка на вртлива канцелариска столица тапацирана со еко кожа, со раконаслони со тркалца и лифтомат. | Набавка на вртлива канцелариска столица тапацирана со еко кожа, со раконаслони со тркалца и лифтомат. | За Давка, Македонија | Парче | 2,00 | 5.932,20 | 11.864,40 | 2.135,59 | 13.999,99 |
| Плакар со полици и врати, изработен од оплеменета иверка, д.мин 16мм, кантирано со абс трака со мин. д=2мм. 120/60/210см. | Плакар со полици и врати, изработен од оплеменета иверка, д.мин 16мм, кантирано со абс трака со | Плакар со полици и врати, изработен од оплеменета иверка, д.мин 16мм, кантирано со абс трака со мин. | За Давка, Македонија | Парче | 3,00 | 13.288,14 | 39.864,42 | 7.175,60 | 47.040,02 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | мин. д=2мм. 120/60/210см. | д=2мм. 120/60/210см. | | | | | | | |
| Столче за преглед од челична конструкција, електростатски боена. Седиште обложено со сунѓер д=10 см, тапацирано со еко кожа, со подесување на висина. | Столче за преглед од челична конструкција, електростатски боена. Седиште обложено со сунѓер д=10 см, тапацирано со еко кожа, со подесување на висина. | Столче за преглед од челична конструкција, електростатски боена. Седиште обложено со сунѓер д=10 см, тапацирано со еко кожа, со подесување на висина. | За Давка, Македонија | Парче | 1,00 | 4.491,53 | 4.491,53 | 808,48 | 5.300,01 |
| Медицински кревет за преглед-од метална конструкција,електростатски боена, легло обложено сунѓер со д= 10 см, тапациран со еко кожа, во бела боја, горниот дел да се подига 160/60/56см. | Медицински кревет за преглед-од метална конструкција,електростатски боена, легло обложено сунѓер со д= 10 см, тапациран со еко кожа, во бела боја, горниот дел да се подига 160/60/56см. | Медицински кревет за преглед-од метална конструкција,електростат ски боена, легло обложено сунѓер со д= 10 см, тапациран со еко кожа, во бела боја, горниот дел да се подига 160/60/56см. | За Давка, Македонија | Парче | 1,00 | 15.254,24 | 15.254,24 | 2.745,76 | 18.000,00 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ѕидна закачалка, иверка мин 16мм кантирана со абс 2мм, 60/30см, со 3 метални закачалки. | Ѕидна закачалка, иверка мин 16мм кантирана со абс 2мм, 60/30см, со 3 метални закачалки. | Ѕидна закачалка, иверка мин 16мм кантирана со абс 2мм, 60/30см, со 3 метални закачалки. | За Давка, Македон ија | Парче | 1,00 | 1.186,44 | 1.186,44 | 213,56 | 1.400,00 |
| Медицинско шкафче за лекови, со заклучување, метален -бел со потребна медицинска опрема за прва помош со мин димензии 35/60/15см (да се закачува на ѕид) | Медицинско шкафче за лекови, со заклучување, метален -бел со потребна медицинска опрема за прва помош со мин димензии 35/60/15см (да се закачува на ѕид) | Медицинско шкафче за лекови, со заклучување, метален -бел со потребна медицинска опрема за прва помош со мин димензии 35/60/15см (да се закачува на ѕид) | За Давка, Македон ија | Парче | 1,00 | 2.033,90 | 2.033,90 | 366,10 | 2.400,00 |
| Плакар за перална, со полици и врати, изработен од оплеменета иверка, д мин 16мм, кантирано со абс трака со мин. д=2мм. 120/60/210см | Плакар за перална, со полици и врати, изработен од оплеменета иверка, д мин 16мм, кантирано со абс трака со мин. д=2мм. 120/60/210см | Плакар за перална, со полици и врати, изработен од оплеменета иверка, д мин 16мм, кантирано со абс трака со мин. д=2мм. 120/60/210см | За Давка, Македон ија | Парче | 2,00 | 13.288,14 | 26.576,28 | 4.783,73 | 31.360,01 |
| Гардеробен ормар, со 4 крила од ладновалан лим, со д=1мм, електростатски боен | Гардеробен ормар, со 4 крила од ладновалан лим, со д=1мм, електростатски | Гардеробен ормар, со 4 крила од ладновалан лим, со д=1мм, електростатски | Antarias, Чешка | Парче | 2,00 | 15.677,96 | 31.355,92 | 5.644,07 | 36.999,99 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| во RAL 9006. 65/41/180см | боен во RAL 9006. 65/41/180см | боен во RAL 9006. 65/41/180см | | | | | |
| | | | | **Вкупно** | 933.169,46 ден | 161.690,84 ден | 1.094.860,30 ден |